# ЗАПИСНИК

## од одржаната Јавна расправа за Студија за оцена на влијание на проектот "Изградба на земјоделски објекти за интензивно живинарство во КО Мршевци", Општина Илинден, врз животната средина

На ден 21.12.2023 година (четврток) во Домот на култура во Марино, Општина Илинден, со почеток во 12.00 часот се одржа Јавна расправа за Студијата за оцена на влијание врз животната средина за проектот „Изградба на земјоделски објекти за интензивно живинарство во КО Мршевци", Општина Илинден.

Јавната расправа ја организираше Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Општина Илинден и инвеститорот Друштво за производство, земјоделие, трговија и услуги "ФРЕШ ФАРМ" ДОО увоз-извоз, Илинден, Скопје, согласно законските барања за активно учество на јавноста при донесување на одлуки во поглед на започнување на проекти.

**Јавната расправа се одвиваше по следниот Дневен ред:**

**Отворање** - Јавната расправа ја отвори и ја водеше г-дин Александар Петковски, Помошник Раководител на сектор за животна средина во Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. Господин Петковски даде краток осврт на постапката за оцена на влијание врз животна средина и објасни дека МЖСПП го задолжи Инвеститорот „ФРЕШ ФАРМ" ДОО Скопје да изработи Студија за оцена на влијанието врз животната средина, по добиено Писмо за известување за намерата за изведување на проектот, согласно Законот за животна средина. Изготвувачи на Студијата за ОВЖС се Експертите за оценка на влијание врз животната средина од Друштвото за технички консултантски услуги "ЕкоМозаик" од Скопје. Ја истакна и важноста да се слушне мислењето на јавноста за проектот, што претставува основна цел на јавната расправа.

Претставникот на МЖСПП и даде збор на г-ѓа Тања Николовска како потписник на Студијата за оценка на влијание врз животната средина, да даде кратко резиме на главните наоди од истата. Г-ѓа Николовска даде краток преглед на целта на Студијата за ОВЖС и методолошкиот пристап при подготовка на Студијата, истакнувајќи ја важноста од спроведувањето на проектот како за Инвеститорот, така и за општината и локалното население.

Г-ѓа Тања Николовска, Експерт за ОВЖС од тимот на ЕкоМозаик, ја презентираше избраната локација на проектот и техничките карактеристики на истиот со осврт на главните технолошки процеси.

Г-ѓа Николовска, ги презентираше планираните проектни активности за изградба на земјоделските објекти кои ќе бидат изградени задоволувајќи ги барањата на национално законодавство и соодветните стандарди од сектор живинарство. Таа истакна дека уште при проектирање на објектите се земени во предвид аспектите на поставеноста на објектите во однос на идентификуваниот правец на ветровите на локацијата, енергетска ефикасност на објектите, соодветна вентилација и промена на воздухот во одгледувалиштата, пречистување на отпадните санитарни води и можноста за реупотреба на пречистените води за зеленилото, оптимална организација на пристапните патишта во рамки на парцелата и олеснет пристап на возилата кои ќе

доставуваат репроматеријали, преземаат различни видови на отпад и ќе преземаат готов производ. Сите овие аспекти беа земени во предвид со цел Инвеститорот со реализацијата на проектот за изградба на нова живинарска фарма да обезбеди максимална заштита на животната средина во околината на проектот и заштита на здравјето на локалното население. Г-ѓа Николовска го презентираше начинот на идентификација на потенцијалните влијанија врз медиумите и областите на животната средина од реализација на проектните активности, критериумите за нивна оценка како и најзначајните медиуми кои ќе бидат афектирани од проектните активности. Потоа продолжи со кус преглед на главните потенцијални влијанија од проектните активности врз: воздух, создавање на различни типови на отпад и управување со истиот, површински и подземни води, бучава и вибрации, почви, биодиверзитет, пејсажни и визуелни аспекти, природно, културно и археолошко наследство, кумулативни влијанија и социо – економски аспекти (здравјето и безбедност на локалната заедница и работниците; влијанија врз економијата, влијанија врз вработеноста; влијанија и аспекти поврзани со работната сила). За идентификуваните влијанија беа презентирани најважните мерки за спречување и ублажување на влијанијата врз животната средина во сите фази на спроведување на проектните активности, со посебен акцент на идентификуваните најдобри достапни техники (НДТ) кои ќе бидат имплементирани во техничките решенија на Инвеститорот. Посебен акцент беше ставено дека Инвеститорот има потпишан долгогодишен (на 15 години) Договор со биогасната централа на компанијата “Вардар Био Процес ДОО” Градско за континуирано преземање на екскретот од живинарската фарма, што ќе значи директно елиминирање на најзначајните влијанија од миризба од функционирањето на живинарската фарма, бидејќи нема да има ниту привремено складирање на овој отпад туку ќе се презема директно од одгледувалиштата. Угинатата живина ќе се става во вреќи и ќе се замрзнува во ладилници, а потоа ќе се носи на депонија “Дрисла” во Скопје согласно склучен Договор.

За следење на реализацијата на мерките предложени во Студијата за ОВЖС, за секој од медиумите поединечно, г-ѓа Николовска го презентираше Мониторинг Планот со параметри за следење на ефектите од применетите мерки за ублажување на влијанијата и дека истиот овозможува воспоставување на врска помеѓу сите вклучени страни и основа за надлежните институции, да го контролираат процесот на спроведување на законската регулатива и да донесуваат соодветни одлуки. На крај, ја истакна оправданоста на проектот и значењето за заедницата и регионот, особено имајќи го во предвид фактот што Инвеститорот ќе врши откуп на житни растенија потребни како храна за пилињата и кокошките несилки од локални производители и ќе вработува локално население што ќе влијае на намалување на миграционите процеси, подобрување на квалитетот на живот во општината и развој на истата.

Потоа беше отворена сесија за поставување на прашања и дискусија по однос на презентираните главни наоди од подготвената Студија за оценка на влијанијата на проектот врз животната средина.

**Дискусија:**

**Г-ѓа Ирена Николовска од Секторот за ИСКЗ при МЖСПП,** постави прашање дали јајцата ќе бидат за извоз или само за домашен пазар и што опфаќа втората фаза од проектот.

**Одговор: Г-дин Иван Маркоски, управител на Фреш Фарм,** одговори дека произведените конзумни јајца се за домашен пазар, а дел и за извоз во соседните земји. Со втората фаза се планира изградба на дополнителни два објекти за кокошки несилки во рамки на локацијата.

**Прашање: Г-дин Срѓан Медаровиќ,** граѓанин од село Мршевци, изнесе пофални зборови за Инвеститорот кој планира да изгради современа живинарска фарма со примена на сите релевантни стандарди и постави прашање кон присутниот Инвеститор дали сите презентирани мерки за ублажување на влијанијата ќе бидат имплементирани во сите фази на живинарската фармата. Ова прашање го иницираше бидејќи како граѓанин на населеното место Мршевци е најдиректно засегнат од реализацијата на проектот и сака да биде информиран дали и во која мерка Инвеститорот планира да ги реализира предвидените мерки.

**Одговор: Г-дин Иван Маркоски**, управител на Фреш Фарм, одговори дека пред се како компанија која дејноста ја обавува изминатите 40 години и има реноме кое сака да го надгради и дејноста да ја прошири на регионален пазар се доволен показател за нивната сериозност за доследно спроведување на сите мерки. Г-динот Маркоски исто така потенцираше и за строгите критериуми од ЕУ кои преку ИПАРД програмата се бараат да бидат исполнети доколку се бараат средства од нив, затоа и при развивање на техничкото решение за проектот се внимаваше на секој сегмент и сите елементи беа вклучени во предвид за да живинарската фарма функционира беспрекорно. Одржувањето на хигиената во објектите ќе се врши со индустриски правосмукалки кои ќе вршат суво чистење на прашината без користење на вода која би овозможила развивање на вируси кои би се пренеле на пилињата со што би настанало намалување на приносот и нивно угинување.

Инаку Фреш Фарм во општина Илинден функционираат 40 години, на друга локација опкружени со многу деловни објекти и иако технологијата која се применува е застарена и добиениот екскрет е течен и има поинтензивна миризба, немаат добиено ниту една забелешка од локалното население и вработените во околните деловни објекти во однос на емисии на миризба или други прашања. Потенцираше дека ги вршат сите редовни испитувања и контроли од Агенцијата за храна и ветеринарство. Угинатата живина се вади наутро за да се спречи контаминација, се собира во вреќи и става во ладилник се до нејзино транспортирање до депонија “Дрисла” со која имаат склучено Договор.

Изминатиот период имаат добра соработка со локалната самоуправа, вработуваат локално население имаат добри релации со жителите од кои ја набавуваат храната за живината, вложуваат на различни начини и ја поттикнуваат локалната економија.

**Г-ѓа Ирена Николовска од Секторот за ИСКЗ при МЖСПП:** Се надоврза на одговорот и додаде дека следен чекор кој ќе треба Инвеститорот да го преземе по добивање на Решение за соодветност на ОВЖС Студијата е поднесување на Барање за добивање на А интегрирана еколошка дозвола. Министерството за животна средина и просторно планирање во А ИЕД која ќе ја издаде ќе ги пропише сите услови и критериуми, преку дефинирање на гранични вредности на емисии кои ќе мора да ги исполнува за да може живинарската фарма на Фреш фарм да работи. Исто така фармата ќе подлежи на редовен инспекциски надзор од Државниот инспекторат за животна средина кој ќе го следи исполнувањето на обврските пропишани со АИЕД.

Инаку г-ѓа Николовска изрази особено задоволство што ваков современ објект и проект ќе се реализира во нашата држава кој ќе биде единствен и во регионот што само може да послужи како поттик и за останатите компании, дека со посветено и истрајно работење резултатите се неодминливи. Исто така го поддржа Инвеститорот да отпочне со подготовка на потребната документација за доставување на Барање за добивање на А Интегрирана еколошка дозвола.

**Г-дин Костадин Ристоманов:** Како проектант на новата живинарска фарма, ги потенцираше посветеноста и заложбите на Инвеститорот да реализира проект по сите најсовремени стандарди иако тоа значи и вложување на големи финансиски средства, но тие на долг рок обезбедуваат квалитетна услуга и производ во целост. Самите објекти ќе бидат изградени од термо панели од незапалливи материјали согласно стандардите. Со проектот всушност ќе се обезбеди целосна автоматизација на процесот при што првиот контакт со произведеното јајце ќе го има купувачот и конзументот, секаков човечки фактор ќе биде елиминиран во производниот процес. Процесот не дозволува да има недостаток на струја и вода, за санитарните води се предвидува изградба на пречистителна станица. На Инвеститорот му е во прилог да функционира согласно законските барања, бидејќи како фамилијарен бизнис тоа им е единствен извор за егзистенција. Ја поздрави истрајноста на Инвеститорот кој долги децении егзистира на пазарот со дејност која бара посветеност 365 дена во годината.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, јавната расправа ја затвори г-дин Петковски со потсетување за можноста за доставување на забелешки и коментари од страна на јавноста во однос на подготвената и достапна на јавноста ОВЖС Студија за “Изградба на земјоделски објекти за интензивно живинарство во КО Мршевци”, Општина Илинден.

Општина Илинден,
26.12.2023 година

Во прилог на Записникот:

Прилог 1 Фотографии од одржаната јавна расправа за Студијата за ОВЖС

Прилог 2 Соопштение и објава за јавна расправа за Студијата за ОВЖС за проектот

Прилог 3 Листа на присутни на јавната расправа по однос Студијата за ОВЖС за проектот

Прилог 1 Фотографии од јавната расправа за Студијата за ОВЖС








Фотографии од јавната расправа за Студијата за ОВЖС одржана на 21.12.2023 година во Домот на култура во Марино, Општина Илинден

Прилог 2 Објава на веб страна на Општина Илинден за одржување на јавна расправа

# Информација за одржување на Јавна расправа по Студија за оцена на влијание врз животната средина за Проектот: Изградба на земјоделски објекти за интензивно живинарство во КО Мршевци, општина Илинден

Дек 15 2023

Министерството за животна средина и просторно планирање согласно член 90 став 1 точка 3 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015, 36/2016, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22), ја известува заинтересираната јавност дека инвеститорот ФРЕШ ФАРМ ДОО од Скопје достави Студија за оцена на влијание врз животната средина за Проектот: Изградба на земјоделски објекти за интензивно живинарство во КО Мршевци, општина Илинден.

Јавната расправа по Студијата за оцена на влијание врз животната средина за проектот: Изградба на земјоделски објекти за интензивно живинарство во КО Мршевци, општина Илинден ке се одржи на 21 декември 2023 година (четврток), во зградата на Домот на култура Марино, општина Илинден, со почеток во 12.00 часот.

МТМ
1 СКОПСКА

Трговско радиодифузно друштво
ТВ МТМ ДООЕЛ
Бр. 3028/23
18.12.23 год.
СКОПЈЕ 1

"Методија Андонов Ченто" 10/1-6, 1000 Скопје
Тел: 02/2521-003 office@mtm.mk
www.mtm.mk

„ФРЕШ ФАРМ ДОО увоз-извоз Илинден"
ул. 36 бр. 3 Илинден

Скопје, 18.12.2023

**Предмет:** Потврда за емитување видео оглас – Повик за оддржување Јавна расправа

Потврдуваме дека фирмата „Фреш Фарм ДОО увоз-извоз Илинден" закупи термини за емитување на видео оглас на програмата на Телевизија МТМ Скопје за оддржување Јавна расправа по Студија за оценка на влијание врз животната средина за Проектот Изградба на земјоделски објект за интензивно живинарство во КО Мршевци, Општина Илинден.
Огласот се емитува во период од 18-20.12.2023 година.

ТРД ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје
Управител
Гордана Андреевска

Потврда за емитување на видео оглас за одржување на јавна расправа на ТВ МТМ

Прилог 3 Листа на присутни на јавната расправа по однос Студијата за ОВЖС за проектот

ЕкоМозаик

Листа на присутни
на Јавната расправа за Студија за оценка на влијание врз животната средина на проект: "Изградба на земјоделски објекти за интензивно живинарство во КО Мршевци, Општина Илинден"
(Дом на култура, Марино, Општина Илинден, 21.12.2023 год)

| Ред. Бр. | Име и презиме | Институција | Позиција | Контакт телефон | E-mail |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Иван Маркоски | Фреш Фарм | Управител | 071971110 | ivan@freshfarm.com.mk |
| 2 | Назлие Јахија | МЖСПП | Советник | 070 305-972 | njahija@moepp.gov.mk |
| 3 | Александар Петковски | МЖСПП | Помошник на сектор | 076 435 460 | a.petkovski@moepp.gov.mk |
| 4 | Александар Маркоски | Фреш Фарм | Менаџер | 076/563 202 | alek@freshfarm.com.mk |
| 5 | Николоска Ирена | МЖСПП-ИСКЗ | Советник | 076 455 - 073 | i.nikoloska@moepp.gov.mk<br>irenan82@yahoo.com |
| 6 | Николоска Марија | ЕкоМозаик | Експерт за ОВЖС | 070/773-003 | marija@ekomozaik.com |
| 7 | Николовска Тања | ЕкоМозаик | Експерт за ОВЖС | 070709616 | tanja@ekomozaik.com |
| 8 | Ристоманов Митко | ДД Проект | Проектант-Архитект | 071 555 222 | ddproekt@gmail.com |
| 9 | Костадин Ристоманов | ДД Проект Струга | Управител-д.i.инж. | 070214324 | kostadinristomanov@gmail.com |

1

фреш фарм

фреш фарм | ЕкоМозаик ... идеја до идеј

| Ред. Бр. | Име и презиме | Институција | Позиција | Контакт телефон | E-mail |
|---|---|---|---|---|---|
| 10 | ГОРАН МАРКОСКИ | фреш ФАРМ | СОПСТВЕНИК | 075266423 | info@freshfarm.com.mk |
| 11 | [illegible] | [illegible] | | | |
| 12 | | | | | |
| 13 | | | | | |
| 14 | | | | | |
| 15 | | | | | |
| 16 | | | | | |
| 17 | | | | | |
| 18 | | | | | |
| 19 | | | | | |
| 20 | | | | | |